34

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 15-504/3
09-02-2024 20 год.
СКОПЈЕ

Агенција за Интелектуална сопственост
АРТПИЦК ДООЕЛ
Бр. 05-0181
09.02 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за ангажирање на авторска агенција за потребите на Општина Кисела Вода

1. **Општина Кисела Вода** со седиште на ул.Петар Делјан бр.17 со ЕДБ 4030004567650 и ЕМБС 5995221, застапувана од Градоначалник на Општина Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски, во понатамошниот текст (Договорен орган –корисник на услугата) и

2. **Агенција за интелектуална сопственост АРТПИЦК ДООЕЛ Скопје** со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр.39/28, со ЕДБ 4080009500314 ЕМБС 6449646,застапувана од Управител Сузана Настоска, во понатамошниот текст (Носител на набавката – давател на услуги) .

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со вршење на услугата за ангажирање на авторска агенција, а по спроведена Набавка на услуга по спроведена постапка по пат на Поедноставена отворена постапка, оглас бр.00439/2024која е објавена на ЕСЈН и заврзшува без е-аукција.

Понудата со понудениот процент на агенциската провизија , е составен дел од овој Договор.

### ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

### ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на предметот на овој договор, изнесува 4.200.000,00 денари бруто износ во кој износ се засметани сите давачки вклучувајќи го и процентот на провизија кон агенцијата.

Процентот на провизија на бруто надоместокот постигнат на е-уакцијата изнесува 0,09% без ДДВ или 0,1062% со ДДВ.

Процентот на провизија ќе се пресметува на износот на бруто надоместокот, согласно авторскиот договор .

Не е предвидена корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за јавна набавка.

### ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете страни и истиот започнува да важи од 01.03.2024 год.

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува во текот на една година сметано од 01.03.2024 годинаили до финансиско исцрпување на предвидените средства во зависност што прво ќе настапи .

### ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен агенциските услуги да ги извршува сукцесивно, по барање и зависно од потребите на договорниот орган. Носителот на набавката е должен без одлагање да ја извршува услугата која предметот на набавката, односно изготвените

договори да ги достави на следнава локација: Општина Кисела Вода, ул.Петар Делјан бр.17,Скопје.

Носителот на набавката е должен исплатата на авторските хонорари и на другите надоместоци да ја изврши веднаш по добивањето средства на својата сметка, а најдоцна наредниот работен ден.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 6

Обврски на договорниот орган се следниве:

- Да достави до Носителот на набавката барање за потреба од одреден вид на услуга од авторската агенција, во писмена форма (факс, е-пошта или лично на рака),
- Барањето треба да ги содржи сите податоци кои и се потребни на авторската агенција за да ја изврши услугата ;
- Барањето мора да биде потпишано од одговорното лице и истото да биде заверено со печат и
- Договорниот орган да има обезбедено средства за исплата на авторскиот хонорар и провизија за авторската агенција.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 7

Обврски на Носителот на набавката се следниве:

- Понудувачот е должен услугата да ја врши преку исплата на надоместоци и хонорари по налог на договорниот орган.
- Понудувачот е должен исплатата на авторските хонорари и на другите надоместоци да ја изврши веднаш по добивањето средства на својата сметка, а најдоцна наредниот работен ден.
- Понудувачот е должен исплатата на авторските хонорари и на другите надоместоци да ја врши согласно законите од областа на даноците, законите од областа на авторското право и други прописи на Република Северна Македонија.
- Понудувачот е должен да води, односно гарантира дека води книга на автори и дека ги следи вкупните примања од авторски дела на секој автор и гарантира дека податоците од книгата на автори се во согласност со доставените податоци до Управата за јавни приходи, со тоа што секој автор е наполно сигурен дека неговите даночни обврски во смисла на авторските хонорари наполно се регулирани, во спротивност се обврзува дека ќе ја надомести сета причинета штета, од неговите пропуштања или неизвршувања.
- Понудувачот му гарантира на договорниот орган дека со уплатата на бруто износот за исплата на авторски хонорари и други надоместоци се платени сите давачки согласно законите, односно дека се платени: нето износ за исплата на авторот; персонален данок на доход и придонеси за примања по основ на договор; износ на провизија на носителот на набавката и данок на додадена вредност.
- Понудувачот е должен со личните податоци кои ќе му бидат доставени од договорниот орган да постапува согласно Законот за заштита на лични податоци.

.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 8

Во случај на доцнење Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1% од вредноста на неизвршената услуга за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на услугите .

За штетата што ќе му настане на Договорниот орган поради неуредно извршување на обврските од овој договор, извршителот на услугите му одговара на Договорниот орган .

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 9

Договорниот орган плаќањето за извршените услуги ќе го врши врз основа на доставена фактура за извршена услуга на адресата на Општина Кисела Вода, ќе се врши во рок од 40 дена, сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на општината.

Кон фактурата носителот на набавката задолжително доставува авторски договор и/или друга документација која се однесува на барањето на договорниот орган.

Фактурата треба да ги содржи сите трошоци кои треба да ги плати договорниот орган:

- нето износ за исплата на авторот;
- персонален данок на доход и придонеси за примања по основ на договор;
- износ на провизија на носителот на набавката и
- данок на додадена вредност.

Во договорот за исплата на авторскиот хонорар носителот на набавката е должен да го наведе нето износот за исплата на авторот, персоналниот данок за соодветниот вид на надоместок и агенциска провизија пресметана на збирот на претходните два елемента.

## ВИША СИЛА

Член 10

Договорниот орган и Носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 11

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред Граѓански суд Скопје .

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна безодлагање, по писмен пат.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 13

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 14

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.Договорот може да се менува само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 16

Овој Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои по 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Контролирал/Одобрил:
Секретар на Општина Кисела Вода:
Мирко Ивановски

**Договорен орган**
Општина Кисела Вода
Градоначалник

Орце Ѓорѓиевски

**Носител на набавката**
АРТПИЦК ДООЕЛ
Управител

Сузана Настоска

**Прилог 1 – Образец на понуда**

AGENCY FOR
REGISTRATION OF
TRADEMARK
PATENTS
INDUSTRIAL DESIGN
COPYRIGHT
KNOW HOW - LITIGATION-LICENCES-LEGAL OPINION-ASSIGNMENT

www.artpick.com.mk
e-mail: artpick@artpick.com.mk
тел/факс: + 389 2 3 12 25 99
J.J. Свештарот бр.39/28
1000 Скопје, Р. Северна Македонија

A R T P İ C K
АГЕНЦИЈА ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Врз основа на огласот објавен од страна на е Општина Кисела Вода за доделување на договор за јавна набавка на услуги **од авторска агенција** со спроведување на Поедноставена отворена постапка, без електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Агенција за интелектуална сопственост АРТПИЦК ДООЕЛ Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр. 39/28, 1000 Скопје
- Телефон: 3 122 599
- Факс: 3 122 599
- Е-пошта: artpick@artpick.com.mk
- Лице за контакт: Мирјана Стојаноска Андова

I.3. Одговорно лице: Сузана Настоска

I.4. Даночен број: МК4080009500314

1.5 ЕМБС: 6449646

1.6 Жиро Сметка: 300000002993262 Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги извршиме услугите кои се предмет на набавка на услуги од **авторска агенција** и се според барањата и условите од техничката спецификација која е дел од тендерската документација.

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршувањето на услугите утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

| Опис на услугата | Вкупна цена без ДДВ (провизија без ДДВ изразена во процент на бруто износ) | ДДВ |
|---|---|---|
| Услуги согласно техничката спецификација | 0,09% | 0,0162% |
| Вкупна цена без ДДВ :0,09%<br>Со зборови :нулазапирканулადеветстотинкипроцент | | |

III.Вкупната цена на нашата понуда за набавка на услуги за **од авторска агенција**, кој е искажан посебно, изнесува: 0,09% (проценти) провизија од износот на бруто авторскиот:

0,09% *[со бројки]*

(нулазапирканулადеветстотинкипроцент) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува: 0,0162%

(со бројки)

III.1 Рок на плаќање: сукцесивно 40 дена по доставена ф-ра во архивата на договорниот орган, вирмански

III.2 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничката спецификација.

Место и датум
Скопје, 26.01.2024

Одговорно лице

(потпис и печат)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*